Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 22.01. 2021 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на шеесетитретата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Шеесетитретата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **29.01. 2021 година (петок) со почеток во 15:00 часот во големата сала** на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

-Усвојување на Записник од шеесетивтората редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.12. 2020 година;

**Точка 1**

Предлог – Решение за разрешување и именување на членови од Управен Одбор во Ј.О.У.Д.Г. ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Свети Николе во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2);

**Точка 3**
Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за определување на имиња на улици во општина Свети Николе;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт планДетален урбанистички план за дел од УЕ 4, за Блок 14, плански опфат 14.1 и 14.2 од ГУП за град Свети Николе, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, за плански период 2020-2025 год.;

**Точка 6**
Предлог – Одлука за утврдување на НацртУРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за Г3.7 – Фотоволтаични електрани (Фотоволтна централа со моќност до 4MW) на КП бр. 3958/5-дел, КП бр. 3958/7-дел, КП бр. 3972/3-дел, КП бр. 3979/12-дел, КП бр. 4013, КП бр.4014/1, К.О. Свети Николе - вгр, Општина Свети Николе, за плански период 2020-2025 год.:

**Точка 7**
Нацрт - Статут на Општина Свети Николе;

**Точка 8**
Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2021 година на ОУ Дом на Култура ,, Крсте Мисирков,, Свети Николе;

**Точка 9**
Извештај за работа на ОУ Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2020 година;

**Точка 10**
Информација за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за второ полугодие од 2020 година;

**Точка 11**
Барање за ослободување од такса на улично осветлување од лицѐто А.К.;

**Бр. 0801 - 1004**
**22.01.2021 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**